# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 41/2016 Пробиштип 29.01.2016 година Излегува по потреба

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

***Р Е Ш Е Н И Е***

***За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип***

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.41 одржана на ден 27.01.2016 година, во Службен гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за усвојување на кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Пробиштип за период од 01.01.2015 година до 31.12.2015 година, бр.26-69/3;
2. Одлука за усвојување на Извештајот од реализиран попис на основни средства, опрема, ситен инвентар, материјали, обврски, побарувања, хартии од вредност и парични средства на благајна на општина Пробиштип со состојба на 31.12.2015 година , бр.26-69/4;
3. Одлука за давање на согласност на Програмата за работа на ЈКП „Никола Карев“ – Пробиштип за 2016 година, бр.26-69/5;
4. Одлука за давање на согласност на Финансовиот план на ЈКП „Никола Карев“ – Пробиштип за 2016 година, бр.26-69/6;
5. Акционен план за извршување на јавни работи за 2016 година, бр.26-69/7;
6. Одлука за сопствено учество – кофинансирање на Проект „Инвестиции во локална патна инфраструктура (вклучително и мостови) во ИПР – Реконструкција на мост с.Ратавица – с.Бунеш“, бр.26-69/8;
7. Одлука за усвојување на Извештајот за работа на ТППЕ Пробиштип за 2015 година, бр.26-962/9;
8. Одлука за усвојување на Програмата за работа на ТППЕ Пробиштип за 2016 година, бр.26-962/10;
9. Одлука за усвојување на предлог План за запишување на ученици во прва година за учебната 2016/2017 година во СОУ „Н.Н. Борче“ - Пробиштип, бр.26-69/11-1;
10. Одлука за давање согласност на иницијативата за отварање на нови струки и профили во СОУ „Н.Н. Борче“ - Пробиштип, бр.26-69/11-2;
11. Решение за разрешување на член од УО на ЈКП „Никола Карев“ - Пробиштип, бр.26-69/12-1;
12. Решение за именување на член во УО на ЈКП „Никола Карев“ - Пробиштип, бр.26-69/12-2;
13. Решение за разрешување на член од НО на ЈКП „Никола Карев“ - Пробиштип, бр.26-69/13-1;
14. Решение за именување на член во НО на ЈКП „Никола Карев“ - Пробиштип, бр.26-69/13-2;
15. Заклучок за Зденка Митев од Злетово, бр.26-69/14-1;
16. Заклучок за Митре Јосипов од с.Петршино, бр.26-69/14-2;
17. Заклучок за МЗ Пишица, бр.26-69/14-3;
18. Заклучок за МЗ Куково, бр.26-69/14-4;
19. Заклучок за МЗ Куково, бр.26-69/14-5;
20. Заклучок за МЗ Куково, бр.26-69/14-6;
21. Заклучок за МЗ Куково, бр.26-69/14-7.

II. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

***Број 08-69/16***
***29.01.2016 година***
***ПРОБИШТИП***

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА***
***ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***Тони Тоневски с.р.***

Врз основа на член 36, став 1, точка 7 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002) и член 32, став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.61/2004, 96/04, 67/07 и 156/09 и 47/11), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2016 година, ја донесе следната :

***О Д Л У К А***

***за усвојување на кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Пробиштип за периодот од 01.01.2015 година до 31.12.2015 година***

**Член 1**

Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Пробиштип за периодот од 01.01.2015 година до 31.12.2015 година.

**Член 2**

Планираните и остварени приходи односно извршените расходи по видови се искажани во билансот на приходите и расходите и тоа како што следува во дадените прилози.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

***Број 26-69/3***
***27.01.2016 година***
***ПРОБИШТИП***

***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***ПРЕТСЕДАТЕЛ,***
***Ранко Давитков с.р.***

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005), а во врска со член 21 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници (Службен Весник на РМ бр.61/2002, бр.98/2002 , бр.81/05 и бр.24/11) и согласно со одредбите од член 29 и 35 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници (Службен Весник на РМ бр.28/03, 62/06, 8/09, 175/11 и 101/13 ) како и врз основа на Правилникот за попис на општина Пробиштип, Советот на општина Пробиштип ја усвои следната:

***О Д Л У К А***

***за усвојување на Извештајот од реализиран попис на постојните средства, ситниот инвентар, материјалите, побарувањата, обврските, хартии од вредност и парични средства на жиро сметките и благајната на општина Пробиштип за 2015 година со состојба на ден 31.12.2015 година***

**Член 1**

Се усвојува Извештајот од реализиран попис на постојните средства, ситниот инвентар, материјалите, побарувањата, обврските, хартии од вредност и парични средства на жиро сметките и благајната на општина Пробиштип во 2015 година со состојба на ден 31.12.2015 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е Извештајот од реализиран попис на постојните средства, ситниот инвентар, материјалите, побарувањата, обврските, хартии од вредност и парични средства на жиро сметките и благајната на општина Пробиштип во 2015 година со состојба на ден 31.12.2015 година.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

***Број 26-69/4***
***27.01.2016 година***
***ПРОБИШТИП***

***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***ПРЕТСЕДАТЕЛ,***
***Ранко Давитков с.р.***

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 29 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) и член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 8/09, 97/10 и 6/12) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2016 година, расправајќи по Програмата за работа бр.01-938/1 од 29.12.2015 година, ја донесе следната:

***О Д Л У К А***
***за давање согласност на Програмата за работа на ЈКП,,Никола Карев,, Пробиштип за 2016 година***

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Програмата за работа на ЈКП „Никола Карев " од Пробиштип за 2016 година, усвоен со Одлука на УО бр.02-932/1 од 29.12.2015 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Програмата за работа на ЈКП „Никола Карев" од Пробиштип за 2016 година бр.01-938/1 од 29.12.2015 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

***Број 26-69/5*** — ***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***27.01.2016 година*** — ***ПРЕТСЕДАТЕЛ,***
***ПРОБИШТИП*** — ***Ранко Давитков с.р.***

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 29 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) и член 11 став 1, точка 7 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 8/09, 97/10 и 6/12) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2016 година, расправајќи по Финансовиот план бр. 01-936/1 од 29.12.2015 година на ЈКП „Никола Карев" од Пробиштип за 2016 година, ја донесе следната:

***О Д Л У К А***
***за давање согласност на Финансовиот план на ЈКП,,Никола Карев,, Пробиштип за 2016 година***

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Финансовиот план на приходите и трошоците на ЈКП „Никола Карев" од Пробиштип за 2016 година, усвоен со Одлука на УО бр.02-937/1 од 29.12.2015 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Финансовиот план бр. 01-936/1 од 29.12.2015 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

***Број 26-69/6*** — ***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***27.01.2016 година*** — ***ПРЕТСЕДАТЕЛ,***
***ПРОБИШТИП*** — ***Ранко Давитков с.р.***

---

Врз основа на член 83 и 84 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност (Сл. Весник на РМ бр. 37/1997; 25/2000; 101/2000; 50/2001; 25/2003; 37/2004; 4/2005; 50/2006; 29/2007; 102/2008; 161/2008; 50/2010; 88/2010; 51/2011; 11/2012; 80/2012; 114/2012; 39/2014; 44/2014; 113/2014; 56/2015; 129/2015; 147/2015 и 154/2015), Програмата за изградба и одржување на општински патишта и улици и Програмата за одржување на хигиената на јавните сообраќајни површини во општина Пробиштип за 2016 година, на предлог на Градпоначалникот на општина Пробиштип, Советот на општина Пробиштип на седницата што се одржи на ден 27.01.2016 година го донесе следниот:

**АКЦИОНЕН ПЛАН**
**ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЈАВНИ РАБОТИ**
**во Општина Пробиштип за 2016 година**

Со цел извршување на работи за одржување и заштита на животната средина и природата, како и одржување на јавната инфраструктура и локалните патишта и улици на територијата на општина Пробиштип се планира чистење на банкини, патни канали, патниот појас на локалната патна мрежа во општина Пробиштип, кастрење на вегетација и чистење на наноси од земја и песок.

Напред наведените работи се од јавен интерес за граѓаните од општината, заради што се планира нивно извршување со времено ангажирање на работници согласно член 84 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Јавни работи ќе се изведуваат на следните локални патишта и улици:

1. Локален пат Пробиштип – Ратавица - Злетово
2. Локален пат Злетово – с.Лесново
3. Локален пат Пробиштип - с.Добрево - с.Древено
4. Локален пат Пробиштип - с.Плешенци – с.Горни и с.Долни Стубол – с.Стрисовци
5. Локален пат Стрмош - Дренак
6. Локален пат Пробиштип - с.Марчино
7. Патен правец Злетово - с.Турско Рудари - с.Шталковица
9. ул.Миро Барага - Локален пат - с.Лезово - с.Троолo
10. Пешачки патеки во градот Пробиштип

Како партнер учесник во реализацијата планот за извршување на јавни работи на територијата на општина Пробиштип за 2016 година ќе биде ЈКП „Никола Карев" – Пробиштип, кој ќе придонесе со опрема и механизација за извршување на јавните работи.

За извршување на наведените програмски активности ќе бидат ангажирани **15 лица** со скратено работно време, за период од **9 месеци**. Ангажираните лица ќе бидат невработени лица евидентирани во Агенцијата за вработување.

Општина Пробиштип како организаторот на јавни работи од буџетот на општината ќе ги финансира сите трошоци за извршување на јавните работи, а кои се однесуваат на алат и опрема, ситен потрошен материјал и надоместок за извршување на јавните работи.

Потребни Финансиски средства за извршување на јавните работи на територијата на општина Пробиштип за 2016 година се **1.015.500,00 денари**.

| | | |
|---|---|---|
| 1. | 15 лица x 9 месеци x 6.000 денари надоместок/месец | 810.000,00 денари |
| 2. | 15 лица x 9 месеци x 667 денари персонален данок /месец | 90.045,00 денари |
| 3. | 15 лица x 9 месеци x 633 денари осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување/месец | 85.455,00 денари |
| 4. | Трошоци за набавка на алат и опрема (лопати, копачи, колички, заштитни ракавици, елеци и сл.) | 30.000,00 денари |
| 5. | Вкупно потребни средства за реализација на планот | 1.015.500,00 денари |

Акциониот план за извршување на јавни работи на територијата на општина Пробиштип за 2016 година стапува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

***Број 26-69/7***
***27.01.2016 година***
***ПРОБИШТИП***

***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***ПРЕТСЕДАТЕЛ,***
***Ранко Давитков с.р.***

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2016 година, на предлог на Градоначалникот на општина Пробиштип ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за сопствено учество – кофинансирање на Проектот „Инвестиции во локална патна инфраструктура (вклучително и мостови) во ИПР - Реконструкција на мост с.Ратавица-с.Бунеш"**

**Член 1**

Општина Пробиштип ќе го кофинансира Проектот „Инвестиции во локална патна инфраструктура (вклучително и мостови) во ИПР - Реконструкција на мост с.Ратавица - с.Бунеш", со кој Центарот за развој на Источен плански регион аплицираше до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за користење на средства од „Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015година" за мерка 321 „Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини"–подмерка 1 „Инвестиции во локалната патна инфраструктура (вклучително и мостови) за поврзување меѓу две или повеќе села водолжина до 5 км"**.**

**Член 2**

Согласно спроведената јавна набавка вкупната вредност на Проектот изнесува 3.312.792,00 денари без ДДВ односно 3.909.095,00 денари со ДДВ.

Од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој се обезбедени 2.882.493,00 денари.

Со Одлука на Совет бр.26-1084/6 од 30.09.2015 година (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.36/15) од Буџетот на општина Пробиштип се обезбедени средства за Данокот на додадена вредност, кој изнесува 596.303,00 денари.

Остатокот од средствата во износ од 430.299,00 денари ќе се обезбедат од Буџетот на општина Пробиштип како краен корисник на инвестицијата.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

***Број 26-69/8***
***27.01.2016 година***
***ПРОБИШТИП***

***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***ПРЕТСЕДАТЕЛ,***
***Ранко Давитков с.р.***

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Сл.Гласник на општина Пробиштип 4/2005) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2016 година, ја донесе следната :

***О Д Л У К А***
***за усвојување на Извештај за работата на Територијалната противпожарна единица Пробиштип за периодот од 01.01.2015 година до 31.12.2015 година***

**Член 1**

**Се усвојува** Извештајот за работата на територијалната противпожарна единица Пробиштип за периодот од 01.01.2015 година до 31.12.2015 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за работата на територијалната противпожарна единица Пробиштип за периодот од 01.01.2015 година до 31.12.2015 година.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

***Број 26-69/9*** ***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***27.01.2016 година*** ***ПРЕТСЕДАТЕЛ,***
***ПРОБИШТИП*** ***Ранко Давитков с.р.***

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на општина Пробиштип (Сл.Гласник на општина Пробиштип 4/2005) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2016 година, ја донесе следната :

***О Д Л У К А***
***за усвојување Програмата за работата на Територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2016 година***

**Член 1**

Се усвојува Програмата за работата на територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2016 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Програмата за работата на територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2016 година.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

***Број 26-6910*** ***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***27.01.2016 година*** ***ПРЕТСЕДАТЕЛ,***
***ПРОБИШТИП*** ***Ранко Давитков с.р.***

---

Врз основа на член 7, став 1, алинеа 3 и член 10, став 1, алинеа 1 и 3 од Законот за стручно образование и обука (“Службен весник на РМ” бр.71/06), како и член 21, став 3, точка 11 од Статутот на општина Пробиштип (“Службен гласник на општина Пробиштип” бр. 4/05) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2016 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање на поддршка на иницијативата за отварање на нови струки и профили**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава поддршка на иницијативата на СОУ “Наум Наумовски - Борче” од Пробиштип за отварање на:

- Машинска струка
  - Образовен профил - Техничар за компјутерско управување и
- Здравствена струка
  - Образовен профил - Фармацевски лабараториски техничар

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на општина Пробиштип.

***Број 26-69/11-2*** ***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***27.01.2016 година*** ***ПРЕТСЕДАТЕЛ,***
***ПРОБИШТИП*** ***Ранко Давитков с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ 5/2002) и член 21 став 1 точка 44 од Статутот на општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип бр.4/2005), Советот на општина Пробиштип распраравајки по предлог - планот на СОУ "Наум Наумовски – Борче" од Пробиштип за запишување на ученици во прва година за учебната 2016/2017 година, на седницата одржана на ден 27.01.2016 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на предлог-План за запишување ученици во прва година за учебната 2016/2017 година во СОУ „НАУМ НАУМОВСКИ - БОРЧЕ" од Пробиштип**

**Член 1**

**Се усвојува** предлог Планот за запишување на учениците во учебната 2016/2017 година во СОУ „Наум Наумовски Борче" Пробиштип, со следните образовни струки и образовни профили:

| Вид на образование | | Предлог за учебната 2015/2016 година | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно паралелки (5+7+9+11) | Вкупно ученици (6+8+10+12) | Паралелки на мак. наставен јазик | Ученици на македон. наставен јазик | Паралелки на албан. наставен јазик | Ученици на албан. наставен јазик | Паралелки на турски наставен јазик | Ученици на турски наставен јазик | Паралелки на српски наставен јазик | Ученици на српски наставен јазик |
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** | **9** | **10** | **11** | **12** |
| **а) Гимназиско образование-вкупно:** | | **3** | **102** | **3** | **102** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **б) Стручно образование** (во четиригодишно траење)-**вкупно:** | | **3** | **102** | **3** | **102** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| струка | образовен профил | | | | | | | | | | |
| геолошко-рударска и металуршка | геолошко-рударски техничар | 1 | 34 | 1 | 34 | | | | | | |
| машинска | машински техничар/ машинско-енергетски техничар | 1 | 34 | 1 | 34 | | | | | | |
| спортска гимназија | спортска гимназија | 1 | 34 | 1 | 34 | | | | | | |
| **в) Стручно образование** (во тригодишно траење)-**вкупно:** | | **0** | **0** | **0** | **0** | | | | | | |
| струка | образовен профил | | | | | | | | | | |
| машинска | бравар/автомеханичар (реформиран наставен план и програми) | | | | | | | | | | |
| геолошко-рударска и металуршка | Ракувач со рударски машини (реформиран наставен план и програми) | | | | | | | | | | |
| **Вкупно (а+б+в):** | | **6** | **204** | **6** | **204** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

***Број 26-69/11-1***
***27.01.2016 година***
***ПРОБИШТИП***

***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***ПРЕТСЕДАТЕЛ,***
***Ранко Давитков с.р.***

Врз основа на член 36, став 1, точка 5 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002) член 21, став 1, точка 28 од Стаутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005), а во врска со член 17 од Законот за јавни претпријатија (Службен Весник на РМ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09 и 06/12), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2016 година, а по предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања го донесе следното:

***Р Е Ш Е Н И Е***
***за разрешување на член од Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие „Никола Карев“ од Пробиштип***

1. Од Управниот Одбор на Јавното комунално претпријатие „Никола Карев“ од Пробиштип се разрешува членот:

   **- Ивана Ѓоргиева**

2. Решението влегува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

***Број 26-69/12-1*** ***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***27.01.2016 година*** ***ПРЕТСЕДАТЕЛ,***
***ПРОБИШТИП*** ***Ранко Давитков с.р.***

Врз основа на член 36, став 1, точка 5 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002) член 21, став 1, точка 28 од Стаутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005), а во врска со член 17 од Законот за јавни претпријатија (Службен Весник на РМ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09 и 06/12), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2016 година, а по предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања го донесе следното:

***Р Е Ш Е Н И Е***
***за именување на член во Управниот одбор на Јавното комунално Претпријатие ,,Никола Карев,, Пробиштип***

1. Во Управниот Одбор на Јавното комунално претпријатие „Никола Карев“ од Пробиштип се именува:

   **- Фросина Николовска – дип.проф. по одделенска настава**

2. Мандатот на именуваниот член изнесува 4 (четири) години.

3. Решението влегува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

***Број 26-69/12-2*** ***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***27.01.2016 година*** ***ПРЕТСЕДАТЕЛ,***
***ПРОБИШТИП*** ***Ранко Давитков с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002) член 21 став 1 точка 28 од Стаутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) а во врска со член 17 од Законот за јавни претпријатија (Службен Весник на РМ бр. 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09 и 06/12) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2016 година, а по предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања го донесе следното:

***Р Е Ш Е Н И Е***
***за разрешување член на Надзорниот одбор на ЈКП ,,Никола Карев“ - Пробиштип***

1. Од член на Надзорниот одбор на ЈКП ,,Никола Карев“-Пробиштип се разрешува:

   - **Војчо Митев**

2. Решението влегува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

***Број 26-69/13-1*** — ***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***27.01.2016 година*** — ***ПРЕТСЕДАТЕЛ,***
***ПРОБИШТИП*** — ***Ранко Давитков с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002) член 21 став 1 точка 28 од Стаутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) а во врска со член 17 од Законот за јавни претпријатија (Службен Весник на РМ бр. 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09 и 06/12) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2016 година, а по предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања го донесе следното:

***Р Е Ш Е Н И Е***
***за именување член во Надзорниот одбор на ЈКП ,,Никола Карев“ - Пробиштип***

3. За член во Надзорниот одбор на ЈКП ,,Никола Карев“-Пробиштип се именува:

   - **Драги Митевски –** доктор по ветеринарна медицина

4. Мандатот на именуваниот член изнесува 4 (четири) години.

5. Решението влегува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

***Број 26-69/13-2*** — ***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***27.01.2016 година*** — ***ПРЕТСЕДАТЕЛ,***
***ПРОБИШТИП*** — ***Ранко Давитков с.р.***

Врз основа на член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2016 година, расправајќи по барањето од ***Зденка Митев од Злетово***, бр.26-110/1 од 26.01.2016 година, а по предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од ***Зденка Митев од Злетово (ул.М.Мишев бр.14)*** за еднократна парична помош, **се прифаќа**.

2. Се одобруваат **30.000,00 денари** од Буџетот на општина Пробиштип.

3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

***Број 26-69/14-1*** — ***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***27.01.2016 година*** — ***ПРЕТСЕДАТЕЛ,***
***ПРОБИШТИП*** — ***Ранко Давитков с.р.***

Врз основа на член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2016 година, расправајќи по барањето од ***Митре Јосипов од с.Петршино***, бр.26-37/1 од 14.01.2016 година, а по предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

## ***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од ***Митре Јосипов од с.Петршино*** за еднократна парична помош, **се прифаќа**.

2. Се одобруваат **3.000,00 денари** од Буџетот на општина Пробиштип.

3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

***Број 26-69/14-2*** ***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***27.01.2016 година*** ***ПРЕТСЕДАТЕЛ,***
***ПРОБИШТИП*** ***Ранко Давитков с.р.***

Врз основа на член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2016 година, расправајќи по барањето од ***МЗ Пишица***, бр.26-36/2 од 14.01.2016 година, а по предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

## ***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од ***МЗ Пишица*** за расчистување на речното корито, **се прифаќа**.

2. Се задолжува градоначалникот на општина Пробиштип, доколку е предвидено со Програмите за 2016 година, да се даде приоритет на речното корито во с.Пишица. Доколку не е предвидено во Програмите за 2016 година, да се обезбедат средства за решавање на овој проблем до почетокот на сезоната т.е. до месец мај 2016 година.

3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

***Број 26-69/14-3*** ***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***27.01.2016 година*** ***ПРЕТСЕДАТЕЛ,***
***ПРОБИШТИП*** ***Ранко Давитков с.р.***

Врз основа на член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2016 година, расправајќи по барањето од ***МЗ Куково***, бр.08-1306/1 од 21.12.2016 година, а по предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

## ***З А К Л У Ч О К***

1. Се задолжува ЈКП „Никола Карев“ – Пробиштип да разговара со МЗ Куково и да договорат заедничко решавање на проблемот. Доколку е потребно донесување на дополнителни Одлуки, Советот на општина Пробиштип истите ќе ги донесе.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

***Број 26-69/14-4*** ***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***27.01.2016 година*** ***ПРЕТСЕДАТЕЛ,***
***ПРОБИШТИП*** ***Ранко Давитков с.р.***

Врз основа на член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден

27.01.2016 година, расправајќи по барањето од ***МЗ Куково***, бр.08-1307/1 од 21.12.2016 година, а по предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Советот на општина Пробиштип во Програмите за 2016 година има предвидено средства за реконструкција и изградба на селски чешми.

2. Се задолжува одделението за комунални работи да ја провери состојбата со чешмата во с.Куково и доколку е потребно да ја реконструира истата во текот на 2016 година.

3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

***Број 26-69/14-5*** ***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***27.01.2016 година*** ***ПРЕТСЕДАТЕЛ,***
***ПРОБИШТИП*** ***Ранко Давитков с.р.***

Врз основа на член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2016 година, расправајќи по барањето од ***МЗ Куково***, бр.08-1308/1 од 21.12.2016 година, а по предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Комисијата за продажба на недвижен имот во сопственост на општина Пробиштип ја заврши целата постапка согласно Законот и доколку МЗ Куково има дополнителни прашања или недоразбирања со сопствениците на парцелата да се обрати до Агенцијата за премер и катастар на РМ.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

***Број 26-69/14-6*** ***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***27.01.2016 година*** ***ПРЕТСЕДАТЕЛ,***
***ПРОБИШТИП*** ***Ранко Давитков с.р.***

Врз основа на член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2016 година, расправајќи по барањето од ***МЗ Куково***, бр.08-1305/1 од 21.12.2016 година, а по предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Во Програмата за изградба на локални улици и патишта за 2016 година не се предвидени средства за оваа намена. Согласно Вашето барање ќе бидат предвидени средства за изградба на патот до црквата во некоја од наредните Програми.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

***Број 26-69/14-7*** ***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***27.01.2016 година*** ***ПРЕТСЕДАТЕЛ,***
***ПРОБИШТИП*** ***Ранко Давитков с.р.***